**Република Северна Македонија**
**Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

Врз основа на член 23 став 2 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.08/05) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 7 (седмата) седница на Советот на општина Долнени на ден 22.03.2022 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од шестата седница на Советот на општина Долнени.
2. Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ за финансирање на проект за млади во општина Долнени.
3. Делегирање на член во управниот одбор во ООУ „Исмаил Ќемали“ с. Црнилиште.
4. Намалување на паушал за членовите во Управниот одбор на ЈКП – Долнени.
5. Разно.

Претседател на Советот
на општина Долнени - Долнени

Хусеин Хасановиќ

# З А П И С Н И К

Од одржаната 7 (шестата) седница на Советот на општина Долнени на ден 22.03.2022 год. во салата за состаноци во општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа следните членови: Ангела Јаковлеска, Виктор Перески, Дејан Змејкоски, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски, Ахмедин Рамовиќ. Неоправдано отсутна беше Линдита Сулејманоска . Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Потоа претседателот на соевт Хусеин Хасановиќ го предложи следниот дневен ред:

Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од шестата седница на Советот на општина Долнени.
2. Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ за финансирање на проект за млади во општина Долнени.
3. Делегирање на член во управниот одбор во ООУ „Исмаил Ќемали“ с. Црнилиште.
4. Намалување на паушал за членовите во Управниот одбор на ЈКП – Долнени.

По прочитувањето на дневниот ред претседателот на советот Хусеин Хасановиќ предложи да се надополни дневниот ред со уште една точка итоа:Делегирање на член во училишниот одбор во ООУ „Мирче Ацев“ с. Лажани.

Потоа збор зеде советникот Сеад Колашинац кој наведе дека крајно не одговорно е ова бидејќи нема материјали за седницава само на електронски а во хартиено нема. Наведе дека и Програмата на ЈКП – Долнени дека не беше помината а во записникот стои дека е помината. Директорот на ЈКП – Долнени одговори на ова дека програмата е помината само требало на советниците да им се достави програмата без грешки. Потоа збор зеде советникот Нади Садикоски кој предложи точката под реден број3 да се извади бидејќи веќе е делегиран член. Потоа претседателот на советот Хусеин Хасановиќ објасни зошто оваа точка повторно ставена на дневен ред затоа што Градоначалникот не го потпиша заклучокот и автоматски точката се става на повторно разгледување пото тоа право го има градоначалникот. И нагласи дека и за с. Црнилиште и за с. Лажани ставени се членови вработени во ЕЛС и има реакции од граѓаните. Пота збор зеде советничката Шенај Зера Ќамилоска кој праша како можеше минатиот мандат да има вработени во училишните одборисега не можи. И ние веќе гласавме за член во Исамил Ќемали ние како советници го изгласавме ова и поставивме член кој се разбира во

образованието пошто и тој е учител. Потоа збор зеде советникот Изет Сулејманоски кој се обрати до претседателот на советот вие како претседател зошто дозволувате секој да предлага ние како совет имаме комисија за именување. Вака преставениот дневен ред со дополнување од страна на претседателот на советот беше ставен на гласање од кој 11 советника гласаа ЗА а 3 беа воздржани.

1.По однос на првата точка од дневниот ред збор зеде градоначалникот на општина Долнени Урим Ибески кој нареди за наредните седници и електронски и хартиено да им се поделуваат материјалите од седниците. Претседателот на советот првата точка ја стави на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 1 беше воздржан.

2. По однос на втората точка од дневниот претседателот на советот им даде збор за пртсавниците од невладината организација Хуманост кон младите кој тие образложија за што се работи и дека станува за проект за спортско игралиште за ООУ Мирче Ацев с. Лажани и дека се обезбедени 2000 евра од Кралството на Холандија. И дека се планира да модернизира постоечкиот стадион така што ќе се набават и спортски справи во ООУ „Мирче Ацев. Потоа збор зеде советникот Сеад Колашинац кој искажа благодарност кон младите но со оглед дека доаѓа од н. м Лажани подобро ќе беше да се направеше проектот за стадионот кој се наоѓа во центарот на Лажани бидејќи тој веќе е узурпиран од страна на граѓаните барем да се загради цел да не се зафати а во училиштето колку што знам има стадион со асфалт со мрежи со сите услови. Потоа збор зеде градоначалникот Урим Ибески кој упати благодарност којмладите и нагласи дека за стадионот во центарот на с. Лажани ќе се направи подобар и како што прилега со трибини и со сите други работи. Вака преставена одлука пред советниците беше ставена на гласање од кој 12 советника гласаа ЗА а додека 2 беа воздржани.

3. По однос на третата точка од дневниот ред комисијата за именување се повлече за да донеси записник со именуван член за ООУ Исмаил Ќемали. По пауза од 10 минути комисијата го донесе записникот и за член во ООУ Исмаил Ќемали го предложи советникот Раим Амедоски. Претседателот на советот овај предлог го стави на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 1беше воздржан.

4. По однос на четвртата точка од дневниот ред збор зеде советничката Шена Зера Ќамилоска која праша дали прво да се намали паушалот или да се формира управниот одбор на ЈКП. Потоа збор зеде директорот на ЈКП Миљаим Амеди кој нагласи дека и претходната седница се дискутираше за ова и добро би било прво да се намали а после да се формира управниот одбор. Потоа збор зеде советникот Нади Садикоски кој предложи да паушалот да се намали од 5.000 денари на 3.000 денари но овој предлог не беше прифатен. Потоа збор зеде советникот Деан Змејкоски предложи паушалот да биди 1.500 денари овај предлог беше прифатен кој 10 советника гласаа ЗА а 4 беа против..

5. По однос на петата точка од дневниот ред комисијата за именување се повлече за да донеси записник со именуван член за ООУ Мирче Ацев. По пауза од 10 минути комисијата го донесе записникот и за член во ООУ Мирче

Ацев го предложи советникот Хусеин Хасановиќ. Претседателот на советотовај предлог го стави на гласање од кој едногласно сите присутни советници гласаа ЗА.

6. По однос на шестата точка од дневниот ред збор зеде советничката ШенајЗера Ќамилоска кој нагласи дека во ООУ Исмаил Ќемали пред некое времедобиел допис од Јавно Здравје дека водата не се препорачува за пиење и даим забранат на децата да не пијат вода. Потоа збор зеде директорот на ЈКП Долнени кој нагласи дека во право е советничката но кога го добиле дописоттие како претпријатие се обратиле до Јавно здравје и од таму добиле одговордека настаната е грешка бидејќи се зел примерок од другиот бунар пошто воцентарот на селото имало и фонтана која вода е од бунарот а чешмата од другбунар. Потоа збор зеде советникот Ахмедин Рамовиќ кој кажа дека во н. м Десово кај резервоарот скршена е вратата и секој можи да влези. Исто таканагласи дека вработените во ЈКП кој го збираат сметот зошто немаатуниформа со ознака на ЈКП да се знае дека ти се вработени тука и се за ова.Пота нагласи и дека треба сите населени места во општината да се задолжатза плаќање на смет и да се однесат контејнери пошто има села кои не сезадолжени. Пота нагласи и дека во дел од с. Десово веќе 10 дена каде што нема вода штета е тоа во 21 века да се нема вода и општи услови за живот. Потоа советот донеси заклучок ЈКП да ги тужи сите корисници кои немаатплатено сметки подолг период. Потоа претседателот на советот го прочитабарањето кои беше упатено до советот Барање од ФК Мукос с. Дреновци.Советниците сите гласаа ЗА.

З а п и с н и ч а р

__________________________

Еркан Ајдароски

Претседател
на Советот на општина Долнени

________________________

Хусеин Хасановиќ